**ИЗВРШИТЕЛ**
**Весна Деловска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански суд Скопје**
**Основен Кривичен суд Скопје**
**ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4**
**тел. 02 3111 533**

1 8 -01- 2021

03 758 /1

**Образец бр.66**

**И.бр.863/2019**

Извршителот **Весна Деловска** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ХАЛК БАНКА АД Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030993162028 и седиште на Ул.Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа – Нотарски акт – Договор за залог врз недвижност хипотека ОДУ број 1172/15 од 21.07.2015 на Нотар Џеват Бучи, против **должниците** [redacted] и живеалиште [redacted] за спроведување на извршување во вредност 34.844,00 еур., на ден 14.01.2021 година го донесува следниот:

## ЗАКЛУЧОК
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА трета продажба** со усно јавно наддавање на недвижностите сопственост на [redacted] опишани во <u>**ИЛ бр. 958541 КО Чаир**</u>, со следниве ознаки и за кои е утврдена следната вредност:

-КП 1143, дел 1, адреса ул.Босна и Херцеговина бр.10, бр.на зграда 1, нам.на зграда А2-2, влез 1, кат СУ, број 3, нам.на посебен дел ДП со површина 38м2; **во вкупен износ од 18.918,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажба;**

-КП 1143, дел 1, адреса ул.Босна и Херцеговина бр.10, бр.на зграда 1, нам.на зграда А2-2, влез 1, кат СУ, број 4, нам.на посебен дел ДП со површина 36м2; **во вкупен износ од 18.087,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажба;**

Продажбата ќе се одржи на ден **26.02.2021** година во **11:00 часот** во просториите на Извршителот **Весна Деловска**.

Почетната вредност на недвижностите, по предлог на доверителот Халк Банка АД Скопје од 18.12.2020 година, **е погоренаведена за секоја недвижност поединечно и истите се продаваат одделно**, под која недвижностите не може да се продадат на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености хипотека во корист на доверителот и Налог за извршување по чл.166 од ЗИ од 25.06.2019 година на Извршител Весна Деловска.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250001002663794 која се води кај Шпаркасе банка Македонија АД и даночен број МК5080010500763.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.